МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО

ПРОГРАМА ЗА РЕФОРМА НА СРЕДНОТО СТРУЧНО ОБРАЗОВАНИЕ И ОБУКА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

НАСТАВНА ПРОГРАМА ПО

ПРАКТИЧНА НАСТАВА

за IV година

ТЕКСТИЛНА СТРУКА

текстилен конфекциски техничар

Скопје, мај 2003 година

1. ИДЕНТИФИКАЦИОНИ ПОДАТОЦИ

1.1. Назив на наставниот предмет: ПРАКТИЧНА НАСТАВА

1.2. Образовен профил и струка на која припаѓа наставниот предмет

1.2.1. Образовен профил: Текстилен конфекциски техничар

1.2.2. Струка: Текстилна

1.3. Диференцијација на наставниот предмет

1.3.1. Практична обука

1.4. Година на изучување на наставниот предмет

1.4.1. Четврта година

1.5. Број на часови на наставниот предмет

1.5.1. Број на часови неделно: 6 часа

1.5.2. Број на часови годишно: 198 часа

1.6. Статус на наставниот предмет

1.6.1. Задолжителен

2. ЦЕЛИ НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Целите на наставната програма по ***практична настава*** се:

ученикот:

- да ја пресметува потрошувачката на материјалот потребен за изработка на текстилен производ според даден модел;
- да избира текстилен материјал за одреден модел;
- да ги поставува шаблоните за кроење врз текстилната наслага рационално и правилно;
- да го планира редоследот на операциите за изработка на облека;
- да изработува облека според даден модел;
- да го контролира готовиот производ;
- да отстранува мали дефекти при работа со машината за шиење;
- да ги одржува средствата за работа;
- да одржува хигиена на работното место;
- да развива работни навики и чувство на одговорност;
- да развива вештини за тимска работа.

3. ПОТРЕБНИ ПРЕТХОДНИ ЗНАЕЊА

За успешно совладување на целите по ***практична настава,*** потребни се знаења од наставните предмети: технологија на конфекционирање, конструкција на облека.

4. ОБРАЗОВЕН ПРОЦЕС

4.1. Структурирање на содржините за учење

Тематски целини	Бр. часови	Конкретни цели	Дидактички насоки	Корелација меѓу тематските целини и меѓу предметите
1. Женска облека	**85**	Ученикот: - да го пресметува потребниот текстилен материјал **за женска блуза** по даден модел; - правилно ги поставува кројните делови на посланиот текстилен материјал; - да ги означува битните точки; - да крои по обележаните кројни делови; - да го планира технолошкиот редослед на операциите за изработка на женска блуза; - да ја шие женската блуза; - да ја доработува женската блуза; - да отстранува мали дефекти кои се јавуваат при работата со машината за шиење; - да одржува хигиена на работното место.	- презентирање на модели женски блузи; - избирање на модел на женска блуза за изработка; - давање насоки за пресметување на потребниот материјал; - вклопување на кројните делови врз текстилниот материјал, со бележење и кроење; - изработување на женската блуза според дадениот технолошкиот редослед на операциите; - следење на работата на учениците, објаснување и давање упатства за работа; - укажување на грешките; - вреднување на изработените женски блузи.	- Конструкција на облеката- тематската целина: *Констрикција на женска облека* -Технологија на конфекционирање.

		- да го пресметува потребниот текстилен материјал за **фустан** по даден модел ; - правилно ги поставува кројните делови на посланиот текстилен материјал; - да ги означува битните точки; - да крои по обележаните кројни делови; - да го планира технолошкиот редослед на операциите за изработка на фустан; - да го шие фустанот; - да го доработува фустанот; - да отстранува мали дефекти кои се јавуваат при работата со машината за шиење; - да одржува хигиена на работното место.	- презентирање на модели од фустани; - избирање на модел на фустан за изработка; - давање насоки за пресметување на потребниот материјал; - вклопување на кројните делови врз текстилниот материјал, со бележење и кроење; - изработување на фустанот според дадениот технолошкиот редослед на операциите; - следење на работата на учениците, објаснување и давање упатства за работа; - укажување на грешките; - вреднување на изработените фустани.	
		- да го пресметува потребниот текстилен материјал за **женско палто со постава** по даден модел ; - правилно ги поставува кројните делови на посланиот текстилен материјал;	- презентирање на модели женски палта; - избирање на модел на женско палто за изработка; - давање насоки за пресметување на потребниот материјал;	

		- да ги означува битните точки; - да крои по обележаните кројни делови; - да го планира технолошкиот редослед на операциите за изработка на женско палто со постава; - да го шие женското палто; - да го доработува женското палто; - да отстранува мали дефекти кои се јавуваат при работата со машината за шиење; - да одржува хигиена на работното место.	- вклопување на кројните делови врз текстилниот материјал, со бележење и кроење; - изработување на женското палто со постава според дадениот технолошкиот редослед на операциите; - следење на работата на учениците, објаснување и давање упатства за работа; - укажување на грешките; - вреднување на изработените женски палта со постава.	
2. Машка облека	**35**	- да го пресметува потребниот текстилен материјал за **машка јакна** по даден модел ; - правилно ги поставува кројните делови на посланиот текстилен материјал; - да ги означува битните точки; - да крои по обележаните кројни делови; - да го планира технолошкиот редослед на операциите за изработка на машка јакна; - да ја шие машката јакна; - да ја доработува машката јакна;	- презентирање на модели од машки јакни; - избирање на модел на машка јакна за изработка; - давање насоки за пресметување на потребниот материјал; - вклопување на кројните делови врз текстилниот материјал, со бележење и кроење; - изработување на машката јакна според дадениот технолошкиот	- Конструкција на облеката-тематската целина: *Конструкција на машка облека*; - Технологија на конфекционирање.

		- да отстранува мали дефекти кои се јавуваат при работата со машината за шиење; - да одржува хигиена на работното место.	редослед на операциите; - следење на работата на учениците, објаснување и давање упатства за работа; - укажување на грешките; - вреднување на изработените машки јакни.	
6. Детска облека	**30**	- го пресметува потребниот текстилен материјал за **детска јакна;** - правилно ги поставува кројните делови на посланиот текстилен материјал; - да ги означува битните точки; - да крои по обележаните кројни делови; - да го планира технолошкиот редослед на операциите за изработка на детска јакна; - да ја шие детската јакна; - да ја доработува детската јакна; - да отстранува мали дефекти кои се јавуваат при работата со машината за шиење; - да одржува хигиена на работното место.	- презентирање на модели детски јакни; - избирање на модел на детска јакна за изработка; - давање насоки за пресметување на потребниот материјал; - вклопување на кројните делови врз текстилниот материјал, со бележење и кроење; - изработување на детската јакна според дадениот технолошкиот редослед на операциите; - следење на работата на учениците, објаснување и давање упатства за работа; - укажување на грешките; - вреднување на изработените детски јакни.	- Конструкција на облеката- тематската целина: *Конструкција на детска облека*; -Технологија на конфекционирање;

		- да го пресметува потребниот текстилен материјал за **детски комбинезон** по даден модел ; - правилно ги поставува кројните делови на посланиот текстилен материјал; - да ги означува битните точки; - да крои по обележаните кројни делови; - да го планира технолошкиот редослед на операциите за изработка на детски комбинезон; - да го шие детскиот комбинезон; - го доработува детскиот комбинезон; - да отстранува мали дефекти кои се јавуваат при работата со машината за шиење; - да одржува хигиена на работното место.	- презентирање на модели од детски комбинезони; - избирање на модел на детски комбинезон за изработка; - давање насоки за пресметување на потребниот материјал; - вклопување на кројните делови врз текстилниот материјал, со бележење и кроење; - изработување на детски комбинезон според дадениот технолошкиот редослед на операциите; - следење на работата на учениците, објаснување и давање упатства за работа; - укажување на грешките; - вреднување на изработените детски комбинезони.	
4. Наголемување и намалување на основни кроеви од женска горна облека	**15**	- да ги наголемува и намалува основните кроеви; -да го изработува самостојно избраниот модел според наголемен / намален основен крој (здолниште, женска блуза, ракав и панталони) по утврдениот технолошки редослед на	-користење на насоките за наголемување и намалување на основните кроеви за здолниште, женска блуза, ракав, панталони дадени по конструкција на облеката; - избирање на модел;	Конструкција на облека-тематската целина *Наголемување и намалување на основни кроеви од женска горна*

		операциите.	- пресметување на мерите; - изработување на наголемениот/ намалениот основен крој од избраниот модел; - дискусија во врска со конструираниот предмет.	*облека.*

4.2. Наставни методи и активности на учење

Согласно целите на ***практичната настава,*** наставникот применува повеќе наставни методи во зависност од наставната целина, односно наставната единица, засновани на презентација, демонстрација, опис, изработка на конфекциските производи, набљудување, дискусија и др. Овие методи се користат со примена на фронтална и индивидуална форма на работа, работа во групи и парови, проследени со користење на наставни средства и помагала.

Во текот на наставата наставникот ги презема следниве активности: планира, објаснува, демонстрира, дава упатства за изработка на конфекциските производи, опишува, споредува, ја следи работата, го мотивира ученикот, ги оценува изработените конфекциски производи од ученикот и др.

Во текот на наставата по предметот, активноста на ученикот се состои во слушање, дискутирање, самостојна изработка на конфекциските производи, прибележување, наблудување, споредување, изработување домашни задачи и друго.

4.3. Организација и реализација на наставата по предметот

Практична настава*,* се реализира преку стручно-практични вежби во конфекциска работилница во рамките на училиштето и во конфекциски погони на трговски друштва од текстилна дејност.

Непосредната поврзаност на содржините помеѓу наставните програми по ***практична настава и конструкција на облека*** неминовно ја налага потребата од тимска работа меѓу наставниците кои ги реализираат нивните содржини во однос на планирањето и организирањето на наставата по предметите. Образовните активности се организирани во две полугодија, преку неделен распоред на часовите по групи од 15-17 ученици (паралелката се дели на две групи). Бројот на

часовите кој е даден за одделните наставни целини во точка 4.1. од овој документ, опфаќа часови за изработка на конфекциските производи во конфекциската работилница во училиштето.

4.4. Наставни средства и помагала

За поефикасно постигнување на целите по ***практична настава,*** се применуваат следните наставни средства и помагала: шеми, слики, модни списанија, работни маси, прибор за работа, машини за шиење, пегли, и други наставни средства и помагала, додека за ученикот потребни е работен дневник во кој се опишува текот на работењето, потребните пресметки, како и скицата на моделот и кројните делови за секој изработен модел. За поуспешно совладување на целите на предметот се користи соодветна литература и тоа: прирачник за практична настава, наставни материјали подготвени од страна на наставникот, како и дополнителна литература за наставникот.

5. ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГНУВАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

Оценувањето на постигнувањата на учениците, се врши преку следење и вреднување на знаењата, умеењата, вештините, трудољубивоста, уредноста, работниот дневник, изработените конфекциски производи, континуирано во текот на целата учебна година. Секој ученик во текот на едно полугодие добива најмалку две оценки. Доколку ученикот не ја совлада Наставната програма, по предметот се постапува според законската регулатива.

6. КАДРОВСКИ И МАТЕРИЈАЛНИ ПРЕДУСЛОВИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

6.1. Основни карактеристики на наставниците

Наставникот по ***практична настава,*** треба да ги поседува следниве персонални, професионални и педагошки карактеристики: да е физички и психички здрав, да нема говорни мани, да го познава македонскиот јазик и кирилското писмо, да е отворен и комуникативен, отворен за соработка, да има соодветно професионално образование, со или без

работно искуство, да ја сака педагошката работа, да е добар организатор, креативен, да ја почитува личноста на ученикот, да е подготвен за примена на иновации во воспитно-образовната работа.

6.2. Стандард за наставен кадар

Наставата по *практична настава,* ја реализираат кадри со завршени студии по;

- ***технологија - конфекциска насока, VII_1;***
- ***технологија - текстилна насока, VII_1;***
- ***виша текстилна школа-конфекциска насока VI;***

со здобиена педагошко-психолошка и методска подготовка и положен стручен испит.

6.3. Стандард на простор за наставниот предмет

Практична настава се реализира, во конфекциска работилница, во рамките на училиштето опремена според Норматив за простор и опрема за текстилната струка и во конфекциски погони на трговски друштва од текстилна дејност.

7. ДАТУМ НА ИЗРАБОТКА И НОСИТЕЛИ НА ИЗРАБОТКАТА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

7.1. Датум на изработка: мај 2003 година

7.2. Состав на работната група:

1. Ратка Јаневска, раководител, Биро за развој на образованието, советник, Скопје
2. Зорица Тодоровска-Младеновиќ, член, Технолошко-металуршки факултет, вонреден професор, Скопје
3. Божана Кироска, член ТУЦ ,,Ѓоце Стојчески", наставник, Тетово
4. Николина Бунгурова,член, ДСТУ ,,Димитар Мирасчиев", наставник, Штип
5. Душко Рафајловски, член, ,,Тетекс АД" текстилен инженер, Тетово

8. ПОЧЕТОК НА ПРИМЕНА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Датум на започнување: 1.09.2003 година

9. ОДОБРУВАЊЕ НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Наставната програма по ***практична настава,*** ја одобри (донесе) министерот за образование и наука со решение бр. 11-4206/1 од 14.07.2003 година